**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А  А Д – С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

## за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите

Скопје, јуни 2021 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399/04.03.2020 година, пречистен текст), Акционерското Собрание на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 29.06.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**За пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите**

1. Акционерското Собрание на Стопанска банка АД – Скопје одобрува пренамена на неискористената задржана добивка за инвестирање во износ од МКД 1.582.792.260,00 распределена со Одлука за распредување на добивката за 2019 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 413 од 30.06.2020 година) во задржана добивка расположива за распределба на акционерите.

2. Добивката утврдена во точка 1 од оваа Одлука не се искористи за целта утврдена во член 2 точка б) од Одлуката за распредување на добивката за 2019 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 413 од 30.06.2020 година), поради што Собранието на акционери ја пренаменува истата во задржана добивка расположива за распределба во иднина.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.______
29.06.2021 година

Скопје

**АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ**

**Претседавач,**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), со Одлука број С.О. 413 од 30.06.2020 година, изврши распределба на добивката за 2019 година, во износ од МКД 2.371.128.570,00 во:

а) Задржана добивка за инвестирање – ограничена за распределба на акционерите, во износ од МКД 788.336.310,00 и
б) Задржана добивка за инвестирање во износ од МКД 1.582.792.260,00.

Задржаната добивка за инвестирање од точка б)-износ од МКД 1.582.792.260,00 требаше да се искористи во развојни цели и инвестирање во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката. Поради тоа што споменатиот износ од МКД 1.582.792.260,00 не беше искористен за инвестирање во 2020 година, со оваа Одлука, Собранието на акционери врши пренамена од задржана добивка за инвестирање во задржана добивка расположива за распределба во иднина, врз основа на одлука од страна на Собранието на акционери. Овој износ на добивката нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот, и Банката соодветно ќе ја евидентира оваа Одлука во својата книговодствена евиденција.

Поради горе-споменатото, се предлага на Собранието на акционери на СБ да ја донесе Одлуката во прилог, како што е предложено.

Скопје, јуни 2021 година